COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

CPT/Inf (2008) 23

# Одговор од Владата на "Поранешната Југословенска Република Македонија" на извештајот на Европскиот комитет против тортура, нехумано или деградирачко однесување или казнување (КПТ) од неговата посета на "Поранешната Југословенска Република Македонија"

## од 14 до 18 октомври 2007 година

Владата на "Поранешната Југословенска Република Македонија" побара објавување на овој одговор. Извештајот од посетата на КПТ на "Поранешната Југословенска Република Македонија" во октомври 2007 година е содржан во документот CPT/Inf (2008) 22.

Стразбур, 10 септември 2008 година

# **СОДРЖИНА**

I. ПРВИЧЕН ОДГОВОР (декември 2007 година)......................................... 5

II. ФИНАЛЕН ОДГОВОР (февруари 2008) ...................................................... 15

III. ОДГОВОР НА ПИСМОТО ОД КПТ ОД 25 МАРТ 2008 (јуни 2008) ........ 19

# ОДГОВОР ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ ПРОТИВ ТОРТУРА, НЕХУМАН ИЛИ ДЕГРАДИРАЧКИ ТРЕТМАН И КАЗНУВАЊЕ (КПТ) ОД НЕГОВАТА АД-ХОК ПОСЕТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (14 ДО 18 ОКТОМВРИ 2007 ГОДИНА)

**Во врска со наодите и препораките дадени од страна на Делегацијата на КПТ по повод нивната посета на Република Македонија во октомври 2007 година, како што е истакнато во писмото на г-дин Мауро Палма, Претседател на КПТ, испратено на 21 ноември 2007, како и писмото на Претседателот од 25 март 2008, надлежните органи/при Владата на РМ ги поднесуваат следниве одговори:**

## Министерство за правда:

**Коментари по точките од Извештајот на КПТ за кои е побаран одговор во рок од 1 месец:**

**1.** Министерството за правда на Република Македонија и Управата за извршување на санкциите, постапувајќи по Препораките на Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа од посетата од 14-18.10.2007 година, информира дека, како што всушност и веќе сте известени, инспектори на Управата за извршување на санкциите веднаш, на 19.10.2007 година изврšија надзор во работењето на Секторот за обезбедување на Затворот Скопје. Притоа е констатирано дека во Установата како средства за врзување се користат само лисици за раце и лисици за нозе, иако во едната од дежурните простории на припадниците за обезбедување, беа пронајдени синџири кои според наводите на службените лица и на Директорот на Установата, никогаш и воопшто не биле употребувани, туку биле чувани за случај на евентуален бунт или немири од поголеми размери од причина што обезбедувањето се вршело со мал број на службени лица. Наложено е и тие веднаш се отстранети не само од просторијата туку и од Затворот. За доказ го приложуваме Записникот од извршениот надзор со кој е констатирано дека синџирите се отстранети од установата.

Исто така, до сите казнено-поправни установи во Републиката, и покрај прописите во кои е тоа регулирано, е доставена писмена наредба со која се забранува прекумерната примена на средствата на присилба, како врзување со лисици за инвентар или цевки, особено врзувањето со лисици на подолги периоди или во неудобна положба и дека малтретирањето на затворените лица е неприфатливо и справувањето со оние кои имаат лошо поведение треба да биде само во согласност со закон и во зацртаните дисцилински процедури.

**2.** Во однос на препораката на Комитетот да се подобрат уредите за загревање во секој блок на Казнено-поправниот дом Идризово, како што е наведено и во претходно доставениот допис на Министерството за правда непосредно по извршената посета на Комитетот во месец октомври оваа година, со средства во висина од 760.900 евра обезбедени од Програмата ЕК/КАРДС 2006 на ЕАР, меѓу другото ќе се изврши адаптација и санација на помошните објекти во Казнено-поправниот дом Идризово од кои средства 443.593 евра се обезбедени за изградба на нова котлара за затоплување на сите простории во Домот. Со оглед на тоа што со изведувачот е договорено изведбените работи да започнат во март 2008 година, по завршувањето на грејната сезона, оваа зима сите блокови и простории каде што престојуваат осудените лица како и вработениот персонал се загреваат со постојното централно греење за кое се обезбедени доволни количини на огревно дрво. До Директорот на Установата е доставена и наредба за задожителната обврска да обезбеди непрекинато оптимално затоплување соодветно на временските услови, која во прилог ви ја доствуваме. Исто така и инспекторите во Управата за извршување на санкциите ќе вршат редовна контрола повеќе пати во зимските месеци во однос на затоплувањето во просториите особено каде што престојуваат осудените лица.

**Н А Р Е Д Б А**

1. СЕ НАРЕДУВА на Директорот на Казнено-поправниот дом Идризово и на другите вработени во Установата да се грижат сместувањето на осудените лица да одговара согласно одредбите на Законот за извршување на санкциите и меѓународните стандарди и сите простории, крила и одделенија во Установата да ги исполнуваат основните хигиенски услови.

2. Неопходно е и без одлагање во текот на оваа зима па се до завршувањето на грејната сезона, во сите простории каде што престојуваат осудените лица да се обезбеди непрекинато оптимално затоплување соодветно на временските услови користејќи го постојното централно греење или соодветни грејни тела во деловите каде што централното греење не може да функционира.

3. Директорот на Домот, за спроведување на оваа наредба, најмалку еднаш месечно да доставува известување до Управата за извршување на санкциите.

# З А П И С Н И К

## Од извршениот увид во личните досиеја и рапортната книга на притворените В. Џ., Б. В., Ш. Ш.

Врз основа на член 77 од Законот за извршување на санкциите, инспекторите на Управата за извршување на санкциите – Симон Јосифоски и Коста Димитров по претходно добиено задолжение, на ден 19.10.2007 година, а по забелешките на КПТ, извршија увид во личните досиеја на притворените В. Џ., Б. В., Ш. Ш. и увид во рапортната книга на притворското одделение на Затвор Скопје со Отворено одделение во Крива Паланка, и го констатира следното:

**В. Џ.**

Со Решение КМ 33/07 од 12.04.2007 година на Основниот суд Куманово определена му е мерката притвор во траење од 30 дена, поради основано сомневање дека сторил кривично дело ,,тешка кражба,, по член 236 ст.1 од КЗ.

Со Решение КМ.бр.33/07 од 26.09.2007 година на Основниот суд Куманово притворот му е продолжен до правосилноста на одлуката.

На ден 27.06.2007 година ова притворено лице поради самоповредување поточно поради обид за бесење е врзан со лисици. Врзувањето е спроведено на начин така што му се врзани рацете и нозете. За ова врзување постои изјава од дежурниот командир која се наоѓа во личниот лист на притворениот. Овој настан е евидентиран и во рапортната книга на притворени лица. Меѓутоа не постои никаков документ до кога траело врзувањето и кога е одврзано ова притворено лице.

На ден 19.09.2007 година В. Џ. повторно е врзан поради, како што е наведено во изјавата на дежурниот командир, кршење на редот и дисциплината на Установата. Во рапортната книга постои запис со која е евидентирано ова врзување и е наведено дека врзувањето продолжува понатаму во вечерните часови (ноќе). Не постои документ ниту запис од кој може да се види до кога траело врзувањето. По правосилноста на одлуката малолетникот е упатен на издржување на воспитната мерка на 16.10.2007 година.

**Б. В.**

Со решение Ки. Бр.278/07 од 21.09.2007 година на Основниот суд Куманово поради основано сомнение за сторено кривично дело ,, лажно пријавување кривично дело,, по член 366 од КЗ одредена му е мерка притвор во траење од 30 дена.

Со решение Ки.бр. 278/07 од 17.10.2007 година на Основниот суд Куманово притворот му е продолжен до 21.11.2007 година.

На ден 07.10.2007 година поради меѓусебни закани со притворениот В.Џ. пристапено е кон врзување на овој осуденик. Врзувањето е спроведено на начин што му се врзани рацете и нозете.

Врзувањето трае до 12.10.2007 година кога по негова изјава дека примерно ќе се однесува истиот е одврзан.

Во личниот лист на притворениот постои изјава од дежурниот командир за причините поради кои е извршено врзувањето, како и изјава за негово одврзување заедно со изјавата на притвореникот дека добро ќе се однесува.

Во рапортната книга во притворското одделение, не е евидентирано одврзувањето на притвореникот.

**Ш. Ш.**

Со решение Ки.бр.1244/07 од 28.04.2007 година на Основниот суд Скопје И Скопје, поради основано сомневање за сторено кривично дело ,,убиство,, по член 123 ст.1 од КЗ, определена му е мерка притвор во траење од 30 дена. Притворот му е продолжуван неколку пати и е со траење до 22.11.2007 година.

На ден 22.09.2007 година е врзан поради обид да ги нападне другите притворени лица со лажица и поради малтретирање и навреди. За врзувањето постои службена белешка која се наоѓа во личниот лист на притвореникот. Одврзан е на 24.09.2007 година. За истото постои службена белешка во личниот лист и врзувањето и одврзувањето е евидентирано во рапортната книга во притворското одделение.

По извршениот увид во предметите за наведените притворени лица извршена е и контрола на дежурната просторија на притворското одделение. Притоа во дежурната просторија на притворското одделение под самото биро во посебна дрвена кутија се пронајдени ланци за кои од одговорните лица на затворот се тврдеше дека никогаш не биле употребени а се чувале за случај на поголеми нереди и бунт.

Врз основа на констатираните состојби веднаш е разговарано со директорот на Установата при што е наложено следното:

1. Пронајдените ланци во дежурната просторија веднаш да се отстранат од Установата, што е веднаш и направено.

2. По однос на употребата на секое средство за присила да се постапува согласно Законот за извршувањето на санкциите и Упатството за условите и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на секторот за обезбедување во КПУ и ВПУ.

3. При секоја употреба на средство за присилба да се составува записник (извештај) за причините и условите под кој е употребено средството.

4. За секоја употреба за средство за присила писмено да се извести Управата за извршување на санкциите.

УВИДОТ ГО ИЗВРШИЈА:

Советник –инспектор Симон Јосифоски __________________________

Советник –инспектор Коста Димитров __________________________

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Управа за извршување на санкциите**
**Дов. бр.**
**13.12.2007 година**
**С к о п ј е**

**ДО ДИРЕКТОРОТ НА**

________________________________

________________________

**ПРЕДМЕТ**: Доставување на Извештај за посетата на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување на Советот на Европа извршена од 14 – 18 октомври 2007 година и Укажување за постапување со осудените, малолетните и притворените лица за време на нивниот престој во казнено-поправните установи и потреба од преземање на одредени активности за надминување на определени состојби.

Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите, приложено за ваше запознавање и постапување го доставуваат Извештајот за посетата на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување на Советот на Европа извршена од 14 – 18 октомври 2007 година, кој е усвоен од страна на Комитетот против тортура на неговата 64-та седница одржана од 5 до 9 ноември 2007 година.

Во врска со забелешките и согледувањата на Делегацијата на Европскиот Комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа презентирани во текот на нивната редовна посета во Република Македонија од 15 – 26 мај 2006 година како и во текот на вонредната посета извршена од 14 - 18 октомври 2007 година, Ве известуваме за следното.

1.Во однос на примената на средствата на присилба, се укажува дека согласно член 186 од Законот за извршување на санкциите, Правилникот за начинот на вршењето на работите на секторот за обезбедување, вооружувањето и опремата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Упатството за условите и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на секторот за обезбедување во КПУ и ВПУ, спрема осудените, притворените и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи можат да се употребат средства за присилба само во онаа мерка и кога тое е неопходно да се спречи бегство од установа и бегство при спровод, физички напад, нанесување на повреда, самоповредување, причинување на материјална штета или совладување на отпор на осудени лица. Притоа е неопходно да се води сметка во никој случај прекумерно и на подолги периоди да не се применуваат средствата за присилба (на пример врзување со лисици за инвентар на подолги периоди или во неудобна положба). Затворскиот персонал мора да знае дека е неприфатливо малтретирањето на затворените лица и справувањето со оние кои имаат лошо поведение мора да биде единствено во согласност со закон и во зацртаните дисцилински процедури, за што треба да се составува извештај и да се води посебна евиденција, а согласно член 188 став 2 од Законот за извршување на санкциите за употребата на секое средство за присилба неопходно е писмено да се известува Управата за извршување на санкциите.

**2. Комитетот дава забелешки за условите во кои се извршува мерката притвор и казната затвор**. Неопходно е да се создаваат можности и да се прават напори за подобрување на материјалните услови и хигиената на притворските и осуденичките простории, овозможување на затворениците да се тушираат најмалку еднаш неделно и редовно да им се даваат средства за одржување на личната хигиена.

**3**. Исто така, **Комитетот забележува и на времето што притворените и осудените лица го поминуваат излезени на отворен**

**простор**. Неопходно е во рамките на можностите, на секој затвореник да му биде овозможено најмалку 1 односно 2 часа дневно спортски активности во текот на денот. Затоа, неопходно е овој минимум да се почитува, односно да им се гарантира барем најмалку еден час дневно вежбање на отворен простор.

4. Дадена е забелешка **за подобрување на квалитетот на медицинските прегледи и темелноста на документирањето на податоците**. При водењето на здравствените картони на <u>новопристигнатите затвореници</u> пополнети од затворските лекари, по извршените медицински прегледи, медицинското досие треба да содржи:

-евидентирани искази на лицето кои се релевантни за медицинските прегледи (како и негов опис за здравствената состојба и било какви наводи за малтретирање);

-евидентирани објективни медицински наоди на затворскиот лекар засновани на детални прегледи;

-лекарски заклучоци кои укажуваат на степенот на совпаѓање на евидентираниот исказ на затвореникот со објективните медицински наоди.

Резултатите од секое испитување, вклучувајќи ги и споменатите изјави и лекарските заклучоци, би требало да бидат достапни на притвореното лице и неговиот адвокат.

Обвинителите и истражните судии **<u>мораат</u>** да бидат информирани од директорот на затворот, во писмена форма, за било какви наоди што се однесуваат на можни случаи на полициско малтретирање откриени по приемот на лицето во затворот.

Во однос на осудените лица на високи казни затвор за тешки кривични дела и кои имаат сериозни психички проблеми, тие да се подвргнат на дополнително психијатриско опсервирање од специјалисти психијатри кои ќе дадат конзилијарно мислење за нивната здравствена состојба врз основа на кое ќе бидат упатени на престој, лекување и терапија во специјализирана психијатриска болница.

Неопходно е во натамошното работење задолжително да се имаат предвид забелешките и препораките на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување на Советот на Европа и укажувањата на Управата за извршување на санкциите при постапувањето и третманот со осудените, притворените и малолетните лица, за што сите установи треба повратно да известат за нивното постапување во наведените случаи и за евентуално воочените малтретирања и пречекорени овластувања на службените лица да се достават информации за преземените мерки спрема нив.

Во прилог заради Ваше запознавање и смерница за постапување, исто така Ви се доствува и ревидираната **Резолуција на Обединетите нации против тортура и друга сурова, нечовечка или понижувачка постапка или казна**.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
Михајло Маневски

КЛ/

# И З В Е Ш Т А Ј

Во рамки на реализацијата на проектот за заштита на правата на осудените лица, спроведуван од Народниот правобранител според надлежностите што произлегуваат од членот 31 од Законот за народен правобранител (Службен весник на Р. Македонија бр. 60/03) и Програмата за работа во 2007 г. во периодот од септември до октомври, беа промовирани и презентирани начините и процедурата за заштита на правата на осудениците во Казнено-поправните домови во Република Македонија.

Во тој контекст, во споменатиот период, беа дистрибуирани следниве материјали до сите Казнено-поправни домови:

1. Збирка на прописи- Европската конвенција за превенција од тортура и нехуман и деградирачки третман или казнување, Европоските затворски правила, Законот за извршување санкции, Законот за народен правобранител и Регистрирање на поплаките до Народниот правобранител.
2. Брошури и регистрациони формулари.
3. Постери и кутии за поплаки што осудениците ги упатуваат до Народниот правобранител.

Гореспомнатите материјали се напишани на македонски, албански и ромски јазик.

## ПРОГРАМА

### За инсталирање на метални кутии во Казнено-поправните домови

| Реден бр. | КПД | Презентација | Поставување |
|---|---|---|---|
| 1 | КПД- Струмица | 18.09.2007 | 21.09.2007 |
| 2 | КПД- Гевгелија | 18.09.2007 | 21.09.2007 |
| 3 | КПД-Струга | 27.09.2007 | 28.09.2007 |
| 4 | КПД- Охрид | 27.09.2007 | 28.09.2007 |
| 5 | КПД-Прилеп | 03.10.2007 | 05.10.2007 |
| 6 | КПД-Битола | 03.10.2007 | 05.10.2007 |
| 7 | КПД-Штип | 10.10.2007 | 12.10.2007 |
| 8 | КПД-Тетово | 17.10.2007 | 19.10.2007 |
| 9 | КПД-Скопје | 24.10.2007 | 02.11.2007 |
| 10 | КПД-Крива Паланка | 25.10.2007 | 26.10.2007 |
| 11 | КПД-Идризово | 31.10.2007 | 02.11.2007 |

### Преглед на книги, постери и брошури

| | КНИГИ | | | Постери | | | БРОШУРИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макед. | Албан. | Ромски | Макед. | Албан. | Ромски | Макед. | Албан. | Ромски |
| Идризово со отворено оддел.Велес | 120 | 50 | 45 | 10 | 8 | 8 | 140 | 60 | 55 |
| Скопје | 50 | 40 | 35 | 5 | 3 | 3 | 50 | 40 | 35 |
| Битола | 30 | 15 | 20 | 5 | 1 | 1 | 30 | 15 | 20 |
| Прилеп | 20 | 10 | 20 | 4 | 1 | 1 | 20 | 10 | 20 |
| Штип | 20 | 5 | 20 | 3 | 1 | 1 | 20 | 5 | 20 |
| Струмица | 20 | 5 | 20 | 2 | 1 | 1 | 20 | 5 | 10 |
| Тетово | 20 | 50 | 10 | 3 | 3 | 1 | 20 | 50 | 10 |
| Гевгелија | 20 | 5 | 10 | 2 | 1 | 1 | 20 | 5 | 10 |
| Охрид | 20 | 15 | 10 | 2 | 1 | 1 | 20 | 5 | 10 |
| Струга | 15 | 20 | 10 | 2 | 2 | 1 | 15 | 20 | 10 |
| Крива Паланка | 10 | 5 | 10 | 2 | 1 | 1 | 10 | 5 | 10 |
| ВКУПНО | 345 | 220 | 210 | 40 | 23 | 20 | 365 | 220 | 230 |

**Коментари по точките од извештајот на КПТ за кои е побаран одговор во рок од три месеци:**

1. Управата за извршување на санкциите и Министерството за правда на Република Македонија, постапувајќи по Препораките во Извештајот на Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа од посетата од 14 -18.10.2007 година, информира дека активностите за подобрување на условите во казнено-поправните установи се во тек, така што градежните работи со средствата обезбедени од Програмата ЕК/КАРДС 2006 на ЕАР за трите казнено-поправи установи: Прилеп, Штип и Идризово до крајот на годината ќе завршат, додека постапката за обезбедување на средства од кредитот од Европската банка тече и изготвената Физибилити студија која во прилог ви ја доставуваме, е доставена до надлежните тела на Банката за развој од каде се чека конечниот одговор.

Со средствата од ЕАР се привршуваат активностите за комплетно реновирање и опремување на целиот **Затвор Прилеп**, при што е довршен оградниот ѕид со караули, целосно е санирано притворското одделение, изведена е нова електрична инсталација, нова септичка јама и комплетно реновирање на санитарниот јазол, доградена е системот за греење, изградена е нова рекреативна област со спортски игралишта, како и комплетно нова опрема на просториите за престој на осудените и притворените лица. Завршницата на целосното реновирање на оваа Установа ќе биде одбележана на 25.02.2008 година.

Исто така, со средства од Програмата ЕК/КАРДС 2006 на ЕАР во тек се градежните работи за надградба, доградба и санирање на објекти во **Затворот Штип**, кој по нивното завршување до крајот на 2008 година ќе продолжи да функционира како казнено-поправна установа од затворен вид, со што значително ќе се растовари капацитетот на Казнено-поправниот дом Идризово кој за сега е единствената затворена казнено-поправна установа во Републиката. Во моментот во Затворот Штип се врши надградба на затворено одделение и стационар со засилена контрола, доградба на дневна болница како и изградба на помали објекти неопходни за функционирање на установата. Со овие средства не е опфатена изградба на отворено одделение, управна зграда и дел од придружните објекти во Установата, туку тоа е предвидено да се изгради со средства од кредитот од Европската банка. Со средства од Буџетот на Република Македонија е предвидено да се изврши набавка на систем за набљудување и опрема во кујната и просториите каде што престојуваат осудените и притворените лица).

Работите со средствата од ЕАР во **Казнено-поправниот дом Идризово** започнуваат кон крајот на февруари 2008 година, по завршувањето со градежните активности во Затворот Прилеп. Во тие рамки почнува да се гради нова пекара, нова перална, по создавањето услови и нова котлара, и да се реновира постоечката кујна во женското одделение. Во изминатиот период во Установата се преземани активности за подобрување на основните хигиенски услови, обезбедени се средства за одржување на хигиената, извршено е фарбање како и

дезинфекција и дератизација на просториите во кои престојуваат осудените лица. Во тек е реконструкција и адаптација на просториите за посети – видувалната и петте простории за слободно видување, кои се опремуваат со соодветна опрема за задоволување на потребите на осудените лица. Исто така снабдувањето со производи во двете кантини (во видувалната и затвореното одделение) е значително подобрено, а деновиве ќе почне со работа и нова кантина во женското одделение. Исто така, и покрај с# уште застарениот систем на котларите, во Домот се прават напори за обезбедување на целосно затоплување на сите простории во кои престојуваат осудените лица, користејќи ги сите расположиви видови на греење. Новата котлара ќе почне да се гради веднаш откако ќе се создадат услови изведувачот да започне со изведувањето на работите.

Во **Затворот Скопје** и покрај вообичаената пренатрупаност особено со притворска популација (која во моментот изнесува за 50% над расположивиот капацитет поради што е отежнато и одржувањето на хигиената), во изминатите месеци е извршено комплетно фарбање на ѕидовите и вратите, дел од опремата е реновирана, а дадени се и нови ќебиња и постелнина.

Што се однесува до законската обврска притворените лица да поминуваат на чист воздух два часа дневно, во сегашни сместувачки услови, пренатрупаност и само две шеталишта, а со голем број на лица притворени за организиран криминал во исти кривични предмети кои не смеат да дојдат во меѓусебни контакти, невозможно е да се почитува Законот за кривичната постапка, така што шетањето на чист воздух во моментот изнесува 45 минути. Меѓутоа, ова состојба ќе се измени во најскоро време, затоа што со Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните установи која е во Владина процедура за донесување, со Буџетот на РМ за 2008 година за Затворот Скопје се предвидени средства за изградба ново крило за притвор, изградба на ново отворено одделение и за целосна реконструкција на Установата. Со тоа значително ќе се прошират и ќе се подобрат условите за престој на притворените и осудените лица, ќе има можност за престојување на свеж воздух и по два часа на ден, а покрај тоа и хигиената, како личната така и на просториите ќе биде многу подобрена.

Исто така и во **Затворот Тетово**, и покрај преполнетоста на капацитетите, се прават напори да ги подобрат условите за престој особено во притворското одделение. По препораките на КПТ организирано е престојот на притворените лица на чист воздух да изнесува по 1 час секој ден освен викендите (затоа што во сабота се организира нивно бањање, а недела е ден за посета). Целосно се опремени новата кујна и трпезарија, а исто така и за оваа установа со кредитот се предвидени средства за негова реконструкција, санација и доградба, со што ќе се прошират капацитетите и во целост ќе се подобрат условите за престој.

2.Во изминатиот период, во дел од казнено-поправните установи е извршено 71 вработување на кадри од сите структури.

Најмногу вработувања се извршени во секторот за обезбедување и тоа: во Казнено-поправниот дом Идризово 35 припадници на секторот за обезбедување, 5 воспитувачи, 1 медицинска сестра и 1 телефонист, а во тек е постапка за вработување на двајца лекари, додека во Затворот Скопје се примени 27 надзорници.

Треба да се истакне дека во тек се семинари за обука на вработените во казнено-поправните установи организирани од страна на Европската Агенција за реконструкција. Во тие рамки заврши курсот за обука на обучувачи од трите целни групи: обезбедување, превоспитување и здравствена заштита. Веќе се започнати обуките на другите вработени од установите во сите целни групи кои ќе продолжат во текот на годината, со што ќе се создаде обучен и подготвен кадар, кој ќе може да се справи со осуденичката популација.

3.Во однос на третманот на осудените и притворените лица во казнено-поправните установи треба да се истакне дека се прават големи напори да се влијае на вработените во почитувањето на правата на осудените лица. Во тој контекст во Казнено-поправниот дом Идризово воведена е книга за евиденција во која се внесува секоја употреба на средствата за присилба. Исто така почна да се спроведува и законската обврска за задолжително известување на Управата за извршување на санкциите за употребата на средствата за присилба, како и причините и оправданоста поради кои се тие употребени.

Со цел да се намалат случаите за внесување на дрога и други недозволени предмети во Домот, се користат 5 рачни метал детектори и 2 детекторски врати, од кои едната се користи при влезот во затворениот дел, а другата за влез во видувалната просторија. Во тек е и постапка за набавка на метал детектор за багаж, а за намалување не можностите од внесување на наркотични средства, секојдневно се користат и полициски кучиња за откривање на дрога. Притоа, не се засегнува правото на осудените лица што го имаат за остварување на контакти со надворешниот свет.

Исто така, зајакната е дисциплината во професионалниот однос на вработените во КПД Идризово, така што се спроведени повеќе дисциплински постапки спрема вработени лица кои не се придржувале според правилата на однесување, при што се изречени повеќе дисциплински мерки, од кои на две лица за потешки повреди на работната дисциплина им е изречена мерката престанување на работниот однос со отказ.

4.Во однос на давањето на здравствена заштита на осудените лица, во КПД Идризово секое осудено лице во рок од 24 часа од приемот подлежи на здравствен преглед. За зајакнување на екипираноста на здравствениот сектор, во тек е постапка за вработување на уште 2 лекари од општа пракса, а се користат и услугите на еден гинеколог и еден очен лекар, со кои Домот има склучено договор за дело. Бидејќи стоматологот е отсутен на подолг период поради породилно болување, извршено е времено вработување и на едно лице од овој профил.

Секој од зависниците кои се под метадонска терапија, терапијата ја примаат задолжително под контрола на психијатар кој е вработен во Установата.

И во Затворот Скопје, во рок од 24 часа од приемот, задолжително се врши здравствен преглед на секој затвореник, кој медицински извештај се приложува во неговото досие.

5.Што се однесува на околноста за корупција во делот на давањето на погодноста домашно отсуство во КПД Идризово, наложено е строго да се почитуваат законските одредби и подзаконските акти со кои се регулира материјата за прогресирање од построг во полиберален третман со која се запознати сите осудени лица, а против службените лица кои не ги почитуваат овие прописи, се поведува дисциплинска постапка и подлежат на дисциплинска одговорност.

За спречување на насилството помеѓу одделни осудени лица во казнено-поправната установа, доколку преземените мерки од службите во самата установа не можат да обезбедат безбедно извршување на казната, директорот на Управата за извршување на санкциите може од безбедносни причини да ги премести тие осудени лица во друг затвор заради нивно раздвојување.

6. Во делот за третман на осудените лица во казнено-поправните установи треба да се истакне и процесот на нивна едукација и тоа:

-во Затворот Тетово се набавени 10 компјутери и од месец февруари започнат е курс за компјутери во кој се опфатени 15 осудени лица;

-во Затворот Штип се прават последни подготовки за воведување на редовно основно образование во кое ќе бидат опфатени 30 осудени лица;

-во Затворот Штип во периодот декември 2007 – февруари 2008 година во тек е тримесечен курс по англиски јазик, на кој се опфатени 25 осудени лица;

-во Затворот Штип од 15.01 -15.02.2008 се одржува курс за сточарство за 25 осудени лица;

-во Затворот Охрид е започната едукација за основно образование, а инсталирани се и 3 компјутери за основна информатичка едукација.

Управата за извршување на санкциите покрена постапка и за воведување на основно образование во Затворот Битола како и во другите казнено-поправни установи каде што тоа не е воведено.

**Одговори по барањата за дополнителни коментари од страна на КПТ од 25 март 2008:**

Управата за извршување на санкциите и Министерството за правда на Република Македонија, постапувајќи по Коментарите на Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување на одговорот на Министерството за правда на Извештајот на ад хок посетата во 2007 година, го даваат следниот одговор:

1.Во однос на точка 4 од Коментарите на КПТ, Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите постапуваат согласно Законот за извршување на санкциите во кој се вградени начелата на Европските затворски правила. Во тој контекст се преземаат и сите натамошни чекори во однос на подобрувањето на условите за престој и третманот на осудените лица и тоа:

А. Изработена е нацрт верзија на Стратешкиот план на Управата за извршување на санкциите во кој се наведени следните стратешки приоритети и цели:

-професионално организирани и управувани КПУ

-кадровско екипирање на Управата за извршување на санкциите

-активности за враќање во функција на објектот на Воспитно-поправниот дом Тетово

-реализирање на Програмата за подобрување на состојбите во казнено-поправните установи.

Во Стратешкиот план се предвидуваат следните приоритетни активности на Управата за извршување на санкциите:

а)Унапредување на извршувањето на санкциите преку:

-заокружување на реформите на пенитенцијарниот систем;

-зајакнување на капацитетите на затворскиот персонал;

-подобрено менаџирање и управување со казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

б)Подобрување на условите за престој и третманот на осудените лица во казнено-поправните установи преку:

-изградба, проширување и реконструкција на казнено-поправните установи;

-зголемување на степенот на безбедноста на осудените лица и персоналот во КПУ;

-градење на односи на почит и хумани односи на релација вработени – осудени лица.

За остварување на мисијата на Управата за извршување на санкциите во Стратешкиот план се предвидени следните програми:

-извршување на санкции;

-подобрување на условите;

-јакнење на кадровските капацитети и обука на персоналот.

Б.Во спроведувањето на процедурата за барање на кредит од Европската банка, направен е план со рокови во кои ќе треба да се

одвиваат градежните работи во сите установи за периодот 2008 -2010 година.

2.Во однос на коментарот под точка 5, профункционирањето на Воспитно-поправниот дом Тетово на соодветна локација, претставува стратешки приоритет на Управата за извршување на санкциите и заедно со Министерството за правда ги продолжуваат преговорите со Исламската верска заедница за враќање на објектите и имотот на Воспитно-поправниот дом Тетово во кои до 2001 година ја вршеше функцијата со цел да се преземат мерки за целосна санација на руинираните и изгорените објекти.

Во меѓувреме се прават контроли во работењето на Домот на сегашната негова локација при што во рамките на дадените услови, особено се укажува на спречувањето на контактите на малолетниците со осудените лица од Затворот Скопје.

3.Во однос на прашањето под точка 6 за преземените мерки за спречување на лошо постапување, во 2007 година во Казнено-поправниот дом Идризово се поведени дисицплински постапки против вкупно 9 лица и тоа: против:

-Двајца надзорници во Секторот за обезбедување затоа што при претрес на простории и осудени лица кај кои се најдени недозволени предмети, поради одбивањето да се изврши претресот, прекумерно е употребена физичка сила, поради што им е изречена парична казна во висина од 5 % од платата во траење од 2 месеци.

-Исто така, поради извршено бегство на осудено лице од затворениот дел на Казнено-поправниот дом Идризово, спроведена е дисциплинска постапка против 7 службени лица, од кои две биле раководни лица со чин командир. На 3 лица им е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос (на надзорник, главен командир на смена и инструктор).

Против инструкторот во стопанската единица е поднесена кривична пријава поради кривично дело овозможување бегство на лице лишено од слобода и за стореното дело му е изречена затворска казна.

На едно одговорно лице – командир на внатрешно обезбедување, изречена му е парична казна и одземање на звањето командир, додека 3 надзорници се парично казнети 15% од платата во траење од 6 месеци.

Во однос на наводот за учеството на раководителот на Секторот за обезбедување во употребата на физичка сила, по испитувањето на случајот, не е утврдена негова вмешаност од причина што тој за време на инцидентот не бил во Установата ниту пак издал таква наредба.

Во Затворот Скопје, во изминатиот период по посетата на Комитетот, нема случаи на употреба на средства на врзување врз притворени или осудени лица.

Претходно употребените средства за врзување (лисици за раце и лисици за нозе) во ниту еден случај не биле употребени со цел да се врши тортура или казнување на притворено лице, поради што е

констатирано дека нема случаи на нивна несоодветна употреба од страна на службените лица.

Овие средства биле употребени согласно Законот само во оние ситуации кога нивната употреба била неопходна за да се спречат несакани тешки последици како самоповредување или повредување на друго притворено лице при што бил грубо прекршуван Куќниот ред.

Во случај на неопходна потреба, врзувањето се врши по дадено позитивно мислење на специјалист – психијатар и трае онолку време колку е неопходно за смирување на врзаното лице.

Недостатоците во однос на евидентирањето на ваквите настани констатирани од КПТ се отстранети со воведување на посебен регистар за употреба на средствата за врзување.

Се настојува во случаите каде што по проценка на лекар – психијатар, поради психичката состојба на затвореното лице постои ризик од самоповредување или самоубиство, во тие случаи да се врши нивна зачестена контрола на секои 15 минути од страна на припадници од секторот за обезбедување.

4.Во однос на коментарот под точка 7, треба да се истакне дека во рамките на семинарите за обука на вработените во казнено-поправните установи организирани од страна на Европската Агенција за реконструкција, заврши курсот за обука на 109 вработени од установите во сите целни групи и тоа: обезбедување, ресоцијализација (една група за работа со возрасни и друга група за малолетни лица), здравствена заштита и група за менаџирање во казнено-поправните установи, со што се создаде обучен и подготвен кадар, кој ќе може да се справи со осуденичката популација.

Во изминатиот период, во дел од казнено-поправните установи е извршено 71 вработување на кадри од сите структури. Најмногу вработувања се извршени во секторот за обезбедување и тоа: во Казнено-поправниот дом Идризово 35 припадници на секторот за обезбедување (за кои е во тек трансформацијата на нивниот работен однос од определено на неопределено време), 5 во секторот за ресоцијализација, а во здравствениот сектор е вработена 1 медицинска сестра и во тек е постапка за вработување на уште двајца лекари.

Во Затворот Скопје се примени 27 припадници во секторот за обезбедување и за нив е организирана воведна обука во врска со извршувањето на нивните задачи со цел да се подобри нивната ефикасност и искористеност.

5.Забелешката на коментарот од точка 8 за преземените мерки за обезбедување на безбедноста во КПД Идризово, делот од патеките помеѓу стариот (т.н.”училиште”) и реновираниот дел на објектот, тој е саниран со дебел лим кој е фиксиран за бетонската плоча.

Се планира, нереновираните делови на објектите, кракот Б и училиштето, со проектите за проширување на капацитетите, да се преместат во нови објекти, а како времено подобрување на условите, започнато е варосување на просториите за престој и нивна дезинфекција.

Што се однесува на препораката за разновидни активности на осудените лица (машки и женски лица) во затворениот дел, создадени се можности во КПД Идризово оние лица кои имаат желба можат да учествуваат во слободните активности и тоа во:

-издавачката дејност, да пишуваат творби кои излегуваат во нивно печатено списание,

-да учествуваат во спортски активности и тоа турнири во мал фудбал и шах,

-да учествуваат во ликовна и резбарска секција.

Во женското одделение покрај во наведените активности, осуденичките имаат можност да се занимаваат и со:

-правење фризури во фризерскиот салон,

-изготвување на разни ракотворби како плетење, шиење, сликање и слично.

Сите осудени лица што престојуваат во затворениот дел на Установата, секој ден поминуваат најмалку по 2 часа на отворен простор.

Во Затворот Скопје во тек се активности за создавање можности за зголемување на капацитетите во притворскиот дел за да се овозможи подолг престој на притворените лица на чист воздух, иако с# уште постои пренатрупаноста со голем број на обвинети во групи за организиран криминал.

Со проектот за изградбата на новото и реновирањето на постојното притворско крило ќе се зголеми бројот на шеталиштата и ќе се создадат терени и простории за слободни и физички активности на притворените лица.

Во Затворот Тетово организирано е престојот на притворените лица на чист воздух да изнесува по 1 час секој ден.

Приложено ви се доставуваат фотографии од реновираниот Затвор Прилеп во кој се создадени услови за рекреација во слободното време на осудените лица.

7. За коментарите од точка 9, за здравствената заштита на осудените лица, известуваме дека за подобрување на општата здравствена состојба на осудените лица кон крајот на 2007 година од страна на Институтот за белодробни заболувања е извршено редовно флуорографско снимање на сите осудени лица кои се наоѓаат на издржување на казната затвор во Република Македонија.

Покрај тоа, Управата за извршување на санкциите и Казнено-поправниот дом Идризово презедоа конкретни активности за подобрување на состојбите со здравствената заштита на осудените лица во најголемата Установа во Републиката. Во таа смисла Казнено-поправниот дом Идризово и Здравствениот дом – Скопје постигнаа договор да се спроведат систематски прегледи на сите осудени лица чиј број во моментот изнесува околу 1350 лица.

Систематскиот преглед на осудените лица кој започна на 11.04.2008 година и е во тек, се состои од контрола на

кардиоваскуларниот систем - ЕКГ, контрола на белите дробови, крвниот притисок и нивото на шеќерот во крвта (гликемија).

Кампањата е поделена на два дела, во која со првиот дел ќе бидат опфатени 700 лица од затворениот дел на Домот, каде лекарските екипи од Здравствениот дом веќе прегледуваат по 40 лица дневно.

Вториот дел од кампањата ќе започне во почетокот на месец мај со која ќе бидат опфатени околу 650 осудени лица.

Управата за извршување на санкциите планира во овој временски период медицински прегледи да се извршат и на осудените лица во другите казнено-поправни установи, со што вкупно ќе бидат опфатени околу 2200 осудени лица.

Се очекува ваквите медицински прегледи да станат редовна пракса во остварувањето на здравствената заштита во затворскиот систем на РМ.

Во КПД Идризово, направени се значителни напори за подобрување на здравствените услуги. Имено во здравствениот сектор на оваа Установа во моментот, покрај редовно вработените 3 лекари од кои двајца се од општа пракса, а еден е специјалист психијатар, во Домот по договор за дело се ангажирани и двајца лекари - специјалисти и тоа еден очен лекар и еден гинеколог, како и еден стоматолог**,** така што во здравствениот сектор во оваа Установа работат вкупно 6 лекари и 5 медицински техничари (2 медицински сестри и 3 лаборанти). Исто така се прават напори да се ангажира по договор за дело и еден специјалист – интернист, а во тек е постапка за прием на уште двајца лекари за кои се одобрени средства.

Здравствениот сектор работи секојдневно од 8.30 до 20 часот, вклучувајќи ги и неработните денови (викенди и празници) и цел овој период е покриен со комплетна медицинска екипа.

Со приемот на уште двајца нови лекари, ќе се обезбеди деноноќно дежурство во здравствениот сектор во Казнено-поправниот дом Идризово.

Во Затворот Скопје на сите затвореници во рок од 24 часа од нивниот прием се врши здравствен преглед, затоа што здравствениот сектор работи 6 дена во неделата со 12 часовно работно време (од 8 – 20 часот) и медицинската доверливост е загарантирана. Затворениците со психијатриски нарушувања ги лекува специјалист – психијатар ангажиран по договор за дело кој редовно ги посетува најмалку еднаш неделно, а доколку е неопходна хоспитализација, таа се врши во Психијатриската болница “Скопје” по претходно мислење од лекарски конзилиум на Болницата.

И во Затворот Тетово, на сите притворени лица редовно им се вршат медицински прегледи од страна на лекар ангажиран по договор за дело во рок од 24 часа од приемот, освен во викендите, кога прегледите се вршат во рок од 48 часа, а во случај на итна потреба прегледите се вршат во секое време на повик на затворските служби. Во овој затвор редовно е вработена медицинска сестра, која ги придружува

затворениците на прегледите, води евиденција и ја дава препишаната терапија на секое лице.

Министерството за правда прави напори во соработка со Министерството за здравство во рамките на "судското одделение" во Психијатриската болница "Скопје" во Бардовци, со воведување на дополнително обезбедување со припадници на секторите за обезбедување на КПД Идризово и Затворот Скопје, да профункционира посебен оддел за осудени и притворени лица заради соодветен психијатриски третман на лицата осудени на долги казни затвор како и на оние на кои им е определена мерката притвор и на кои строго им е ограничено движењето на слобода, а истовремено им е неопходно болничко лекување во психијатриска установа. Се оценува дека со овој начин на соработка со Психијатриската болница, ќе се ублажат проблемите во медицинскиот третман на определена категорија осудени лица додека да се изгради стационар во рамките на КПД Идризово.

8.Во однос на точката 10 од коментарите на КПТ, известуваме дека на сите осудени лица во КПД Идризово, уште во Приемното одделение, им се дава Куќен ред во кој детално се опишани нивните права, обврски и погодности кои може да ги добијат за време на издржувањето на казната, а тогаш се запознаваат и со условите кога можат да добијат домашно отсуство. Појаснувањето на одредбите продолжува и за време на третманот во воспитната група во која осудениот е класифициран.

Од страна на тимот за ресоцијализација, на сите осудени лица детално им се објаснува начинот на стекнување на погодности меѓу кои и домашното отсуство кое е резултат на издржан дел од казната, примерно поведение, работен ангажман и сопствено учество во превоспитниот процес.

Со оглед на тоа што погодностите индивидуално се определуваат за секое осудено лице по препорака на стручниот тим за ресоцијализација, за да се избегне можна корупција, за домашното отсуство се одлучува посебно за секое осудено лице на групен состанок со управата на Установата на кој учествува комплетниот тим за ресоцијализација како и раководните лица од секторот за обезбедување.

Во однос на дисциплинската постапка што се води против осудените лица во КПД Идризово и Затворот Скопје што сториле дисциплински престап, задолжително се сослушува осуденото лице, за што се составува записник кој е составен дел на дисциплинскиот предмет.

9.На 18.04.2008 година на средбата што се одржа со претставници на Европската банка за развој на Советот на Европа е подржан проектот со тоа што за десетина дена треба да се доврршат идејните проекти за здравствениот дом и за нов објект на затвореното одделение во КПД Идризово.

На ВЕБ страницата на Бирото за јавни набавки е објавен тендер за јавна набавка за изградба на ново притворско одделение во Затворот Скопје, а согласно Законот за јавни набавки овој тендер ќе

биде објавен на 21.04.2008 година. Вредноста на објектот е 500.000 евра обезбедени од Буџетот на РМ.

Во прилог ви се доставуваат фотографии од реновираниот Затвор Прилеп кој е веќе пуштен во употреба и фотографии од тековните градежни работи во Затворот Штип (кои се во тек) кој од полуотворена ќе се трансформира во установа од затворен вид.

Исто така, се приложува и Прелиминарниот план за јавни набавки за изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи.

**<u>Министерство за внатрешни работи:</u>**

Министерството за внатрешни работи на РМ внимателно го разгледа Извештајот на КПТ од посетата реализирана во октомври 2007 година и смета дека состојбите во истиот се реално отсликани.

Во насока на надминување на дадените забелешки, МВР има разработено Акционен план со утврдени активности, носители, рокови, индикатори на успешност и финансиски импликации.

Инструкциите испратени од страна на Министерот за внатрешни работи и Директорот на Бирото за јавна безбедност до релевантните органи, во кои се повикува на нулта толеранција во случаите на тортура од страна на полицијата, беа меѓу најитните активности остварени во согласност со Акциониот план.

**Одговор по барањето на КПТ за дополнителни коментари и информации од 25 март 2008 г.:**

Министерството за внатрешни работи, следејќи ги препораките на КПТ, изготви Акционен план за надминување на утврдените неусогласености што постојат во податоците (регистрите) за задржаните лица како и податоците за остварување на правата на граѓаните во полициската постапка.

Планот содржи утврдени активности, носители, рокови, индикатори на успешност и финансиски импликации.

Во изминатиот период, во согласност со утврдената динамика, беа реализирани активностите од точките 1 до 4, како и активностите утврдени во точките 7,8 и 9.

Во врска со ова, беше спроведена инспекција на регистрите за приведени лица, како и оние за начинот на остварување на нивните права, при што беше утврдено дека постојат неправилности и неусогласеност во начинот на нивното водење и чување. Воедно беше направена и инспекција на просториите во кои се држат притворените лица, при што беше заклучено дека истите се во лоша состојба и со субстандардни услови.

Веднаш по добивањето на извештаите за ваквата состојба на работите, беа превземени соодветни мерки и активности, пришто беа изработени теркови-образци за водење на регистрите на приведените лица и за почитувањето на нивните права. Образците беа направени во

согласност со позитивните правни прописи и веднаш по нивното одобрување беа дистрибуирани до сите полициски станици каде се врши задржување на лица. Со воведувањето на новите образци, акцентот е ставен на барањата на приведените лица за медицинска помош.

Во врска со условите во просториите каде се задржуваат лица, како приоритет се наметна нивната обнова и реконструкција. Во оваа насока, во тек е реализација на проект во соработка со Канцеларијата на ЕК, за реконструкција на две полициски станици од кои предност ќе биде дадена на обновата на ПС "Кисела Вода". Како што беше предвидено со договорот, просториите во кои се врши задржување на лица во рамките на споменатата ПС ќе бидат реконструирани во согласност со највисоките стандарди и ќе служат како пример за обновата и подобрувањето на условите и во другите полициски станици низ земјата. Финансиската конструкција на споменатиот проект, покрај средствата од Европската комисија, ја сочинуваат и средства од Буџетот на МВР.

Од друга страна, се спроведуваат и контроли во полициските станици во поглед на почитувањето на слободите и правата на уапсените и задржаните лица, при што во изминатиот период е забележан напредок на овој план.

Што се однесува до забелешката на КПТ за недостатокот на независност и непристраност на СВКПС при спроведувањето на инспекциите во полициските станици, можеме да кажеме дека со полициските реформи, СВКПС е посебно тело на државната администрација надлежно за имплементација на владината политика во областа на внатрешните работи. Ваквата поставеност на Секторот му овозможува да врши независна контрола врз работата на полицијата што опфаќа и вршење на инспекции во просториите каде се врши задржување на лица, како и контрола врз начинот и степенот на почитувања на нивните загарантирани права и слободи. Во врска со ова, важно е да се напомене дека СВКПС своите активности ги врши во соработка со Канцеларијата на народниот правобранител на РМ.

СВКПС ги спроведува своите активности во согласност со Годишниот план за работа и според принципот на приоритет кој го утврдуваат надлежните раководители во Секторот. Годишниот план е достапен и на веб-страницата на МВР.

Исто така, за својата работа, СВКПС му одговара директно на Министерот пред кого редовно поднесува извештаи за работата. Периодичните и Годишните извештаи на Секторот, исто така, се објавуваат на веб-страната на МВР.

Во оваа прилика, исто така, би сакале да ве информираме и дека во рамките на МВР во тек е формирање на работна група која ќе биде задолжена за имплементација на препораките на КПТ.

## Министерство за труд и социјална политика

Со оглед на фактот што главната тема на дискусија за време на посетата на КПТ на РМ  во октомври 2007 година, беше истрагата за смртта на Имран Ибраимовски, МТСП официјално го извести Јавното обвинителство за наодите и препораките на КПТ во врска со посетата. Акцентот беше ставен на барањето на КПТ за повторно отворање на случајот и обновување на истрагата од страна на Јавниот обвинител во Кавадарци, што треба да вклучи и ново форензично испитување.

Во таа смисла, Јавното обвинителство беше информирано и за барањето на КПТ за спроведување на темелна истрага за 7-те смртни случаи во Специјалната установа во Демир Капија во јануари и февруари 2007, со цел целосно расветлување и на овие случаи. МТСП се обрати до канцеларијата на Јавниот обвинител на РМ со официјално барање да се интервенира до Јавното обвинителство во Кавадарци во врска со расчистувањето на споменатите случаи. По добиените информации, МТСП во најкус можен рок ќе го извести КПТ.